# Б – ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

---

**Каменолом Рудник Демир Хисар**

**АД Сопотница**

**7240, Демир Хисар**

---

**Број на дозвола: УП1 бр. 11-21**

ВОВЕД

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр.53/05) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во уредбата на Владата за

"Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување на оперативни планови", до одобреното ниво во Дозволата.

**КРАТОК ОПИС НА ИНСТАЛАЦИЈАТА РЕГУЛИРАНА СО ОВАА ДОЗВОЛА**

Основна дејност на Каменолом Рудник Демир Хисар, е производство на камен агрегат- варовник, тампон и Јаловина за потребите на купувачите.

Каменолом Рудник Демир Хисар е со проектиран капацитетод 250.000t/god.

Просторот во кој се одвиваат работните активности се состои од:

- Површински коп
- Канцеларија на раководител;
- Дробилично построение.
- Магацин

- ***Локација на Каменоломот Рудник Демир Хисар:***

Каменоломот ***Рудник Демир Хисар*** се наоѓа на 46km од градот Битола.

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| **Сопственик на дозволата** | **Број на дозвола** | **Дата на издавање** |
| Нема други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | / | / |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| **Сопственик** | **Референтен број** | **Дата на издавање** |
| Нема заменети дозволи /Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | / | / |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Надлежниот орган во врска со оваа дозвола, Ве молиме наведете го бројот на дозволата. За било каква комуникација, контактирајте ја Општина Демир Хисар на адреса : Ул.Битолска ББ, 7240 Демир Хисар, Република Македонија.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои се бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл. 55 ст.2 точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласно со Законот за животна средина.

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува органот. Со цел барањето да биде успешно, операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст.3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

## Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува издавање на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

# Преглед на барани и доставени документи

| **Предмет** | **Датум** | **Коментар** |
|---|---|---|
| Барање ( Бр.) | Добиено | |
| Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола УП1бр.11- 21 од 18.07.2024 | 18.07.2024г. | **Операторот го предаде барањето во општината** |
| Забелешки по добиеното барање нема | 18.07.2024г. | **Операторот го предаде барањето во општината** |
| Дозвола УП1 бр. 11-21 | | **Одлучено ПОЗИТИВНО** |

Дозвола

Закон за животна средина

## Дозвола

Број на дозвола **УП1 бр. 11-21**

**Дата: 20.09.2024 година**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ“ бр. 53/05) го овластува

## **(„ Рудник Демир Хисар АД Сопотница ,,)** ("Оператор" )

со регистрирано седиште на **с. Сопотница Демир Хисар.**

**Република Македонија**

**Број на регистрација на компанијата 4222768**

да раководи со Инсталацијата

**Производство на камен агрегат – варовник, тампон и јаловина Каменолом Рудник Демир Хисар АД Сопотница.**

во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис

**Никола Најдовски,Градоначалник**

Овластен да потпише во име на Надлежниот орган за животна средина

Датум

Услови

# 1. Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1. Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзаниактивности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела 1.1.1.** | | |
|---|---|---|
| **Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски рапосред за поднесување оперативни планови** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| 3.2 Инсталации за ископ, дробење , мелење, сеење загревање на минерални соровини. | Експлоотација на минерална суровина - варовник | Дадени во:<br>Договор за концесија бр24--5705/1од 13.11 20014год..<br>М=1:25 000 во Гаус Кригерова проекција |

1.1.2. Активностите овластени во условите 1.1.1. ќе се одвиваат само во

рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот

| **Табела 1.1.2.** | |
|---|---|
| **Документ** | **Место во документацијата** |
| Мапа на стопанскиот двор на „Рудник Демир Хисар. | –Кординати на концесиско пле:<br><br>Точка X Y<br>Т-1 4570650 7507700<br>Т-2 4570825 7507700<br>Т-3 4571100 7507700<br>Т-4 4571245 7507735<br>Т-5 4571500 7507735<br>Т-6 4571500 7507000<br>Т-7 4570650 7507000<br>од Договорот за концесија. |

## ГРАНИЦИ НА КОНЦЕСИСКИ ПРОСТОР

### Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Топлица, с.Сопотница-Демир Хисар

Минерална суровина: Варовник

Површина = 0.625363 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7507700 | 4570650 |
| 2 | 7507700 | 4570825 |
| 3 | 7507790 | 4571100 |
| 4 | 7507735 | 4571245 |
| 5 | 7507735 | 4571500 |
| 6 | 7507000 | 4571500 |
| 7 | 7507000 | 4570650 |

**ЛОКАЦИЈА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА**




1.1.3. Инсталацијата за која се издава дозволата нема да отпочне со работа, се додека следните мерки не бидат завршени и додека Надлежниот орган не биде писмено известен за тоа.

1.1.4. По добивање на Б интегрираната еколошка дозвола, Операторот е должен да го плати годишниот надомест за поседување на Б интегрираната еколошка дозволата, за период за кој ја поседува. Годишниот надомест Операторот ќе го плаќа во текот на календарската година.

1.1.5. Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ согласно Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија (53/05,81/05,24/07, 159/08,83/09,48/10,124/10,51/11 и 123/12) и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од другите закони и подзаконски акти.

1.1.3. Операторот е должен инсталацијата да работи, да се контролира и да се одржува на начин опишан во оваа дозвола и емисиите да не ги надминуваат вредностите

наведени во оваа дозвола. Сите планови и програми кои треба да се извршат според условите на оваа дозвола стануваат дел од дозволата.

1.1.4. Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето без согласност и писмено одобрение на Надлежниот орган.

1.1.5. Операторот е должен да ги почитува и исполнува условите регулирани со оваа дозвола, а Надлежниот орган по период од една години од издавањето на Дозволата ќе ги провери условите дадени во истата.

1.1.6. Б интегрираната еколошка дозвола има важност од 7 години. Истата подлежи на ревизија при што доколку има потреба условите зададени во неа ќе се изменат.

1.1.7. Најдоцна една година пред истекот на временеската рамка дадена во точка 1.1.10.8 Операторот е должен да поднесе барање за обновување на дозволата.

# 2. Работа на инсталацијата

## 2.1. Техники на управување и контрола

2.1.1. Инсталацијата за која се издава дозволата согласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирна онака како што е опишано во ИСКЗ барањето, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2. Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен.

2.1.3. Операторот ќе назначи лице одговорно за прашањата од животната средина кое ќе биде соодветно обучено и ќе врши обука на останатиот персонал.

2.1.4. Операторот ќе назначи лице одговорно за прашањата од животната средина кое ќе биде соодветно обучено и ќе врши обука на останатиот персонал.

2.1.5. Копија од оваа дозвола, како и оние делови од барањето кои се вклучени во Дозволата ќе бидат достапни во секое време, за целиот персонал вклучен во изведувањето на работата што е предмет на барањата од дозволата.

2.1.6. Операторот ќе го минимизира бројот на застои на операциите на инсталацијата.

2.1.7. Операторот е должен за спроведување на програмата за подобрување, мониторинг на системите за намалување на емисиите, тековната проценка на еколошките перформанси на инсталацијата, спроведување на мерки за подобрување на процесот, развивање на процедури да комуницира со Надлежниот орган.

2.1.8. Операторот ќе воспостави процедури за да се обезбеди преземање на корективни мерки, доколку специфичните барања од дозволата не се исполнети. Во процедурите ќе се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности во случај на пријавени прекршувања.

2.1.9. Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука за сите вработени, чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од обуките.

2.1.10. Операторот ќе воспостави програма за комуникација со јавноста за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата со животната средина од Операторот во секое време.

2.1.11. Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема, која ќе има ефект врз состојбата со

животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Соодветни записи и дијагностички тестирања за опремата треба да се чуваат за да послужат како поддршка на програмата за одржување. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветниот персонал (погледнете го условот 2.1.2 и 2.1.3 погоре).

2.1.12. Операторот ќе воспостави и одржува програма за да се обезбеди дека постои соодветна контрола на процесот во разни модули од работењето. Програмата ќе ги идентификува клучните индикативни параметри за контрола на функционирање на процесот, како и методи за идентификација за мерење и контролирање на овие параметри. Секое отстапување од нормалните услови во кои што се одвива процесот ќе се документира и анализира за да се идентификува соодветна корективна активност.

2.1.13. Операторот, навремено со допис ќе го извеси Надлежниот орган при промена на лицето одговорно за прашањата од животната средина ако тоа евентуално се случи.

2.1.14. Операторот има имплементирано ISO 14001:2004 (е стандард за управување со влијанијата врз животната средина) сертификат бр. 20 104 141380823 со важност до 14 Август 2017 година, истиот ќе го применува во инсталацијата за која се издава оваа дозвола и ќе ги почитува и спроведува обврски кои произлегуваат од овој стандард.

2.1.15. Операторот има имплементирано ISO 9001:2008 (е стандард за управување со квалитетот) сертификат бр. 20 100 141380822 со важност до 14 Август 2017 година, истиот ќе го применува во инсталацијата за која се издава оваа дозвола и ќе ги почитува и спроведува обврски кои произлегуваат од овој стандард.

2.1.16. Операторот има имплементирано BS OHSAS 18001:2007 (е стандард за управување со безбедноста и здравјето на вработените при работа) сертификат бр. 20 116 141380824 со важност до 14 Август 2017 година, истиот ќе го применува во инсталацијата за која се издава оваа дозвола и ќе ги почитува и спроведува обврски кои произлегуваат од овој стандард.

## 2.2. Суровини ( вклучувајќи и вода )

2.2.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1. Суровини ( вклучувајќи и вода ) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Варовник | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог IV кон Барањето. | **18.07.2024г.** |
| Електрична енергија | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог IV кон Барањето | **18.07.2024г**. |
| Дизел гориво | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог IV кон Барањето | **18.07.2024г.** |
| Масло | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог IV кон Барањето. | **18.07.2024г.** |
| Стопански Експлозив | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог IV кон Барањето. | **18.07.2024г**. |
| Мазива | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола . Прилог IV кон Барањето. | **18.07.2024г.** |

Операторот ќе обезбеди безбедно место за чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштата.

2.2.2. Операторот нема да ги складира суровините надвор од стопанскиот двор.

2.2.3. Ракувањето со суровините ќе се извршува според упатствата и препораките од производителот и упатство за безбедно ракување со материјалите.

2.2.4. Транспортниот систем треба да биде контролиран и инспектиран регуларно, со што не би имало растурање/дисперзија на материјалот. Операторот треба да ги евидентира сите недоследности и записите од истите да ги чува.

## 2.3. Ракување и складирање на отпадот

2.3.1. Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира Отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табелата 2.3.1

| **Табела 2.3.1. Ракување и складирање на отпадот** | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Јаловина | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола<br>. | **18.07.2024г.** |
| Отпадно моторни масла од машини | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола | **18.07.2024г.** |
| Измешан комунален отпад | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола. | **18.07.2024г.** |

2.3.2 Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа, соодветно заштитено против прелевање и истекување на течностите. Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

2.3.3 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамките на работните процедури, операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминиација на изворите на отпадоци.

| **Табела 2.3.2. Отпад складиран на самата локација** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начина на складирање** | **Услови на складирање** |
| Измешан Комунален отпад | Во склоп на инсталацијата, стопански двор | Контејнери за комунален отпад, | **Договор со ЈКП** за редовно собирање на ваков вид на отпад бр. 12-15332од 25.12.2013 г. |
| Индустриски неопасен отпад | Во склоп на инсталацијата, стопански двор | Контејнер за неопасен отпад | **Договор со ЈКП** за редовно собирање на ваков вид на отпад бр. 12-15332од 25.12.2013 г |
| Отпадно моторно и масла од машини | Во склоп на инсталацијата, стопански двор | Метални буриња во рамките на инсталацијата во посебно обележан заграден простор. | Договор со овластена фирма ФПМ МИНОЛ ДООЕЛ М-6 бб 200 Штип бр. 0302-38124 од 17.07.2024**)** |
| Јаловина | Привремено се складира во кругот на локацијата | На каменоломот под атмосверски влијанија. | |
| Отпадна санитарна вода | Во склоп на инсталацијата, стопански двор | Септичка јама | Договор за деловна соработка за празнење на септичка јама со **ЈКП Комуналец Д. Хисар.бр. 03-95/1 од 08.08.2024год.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Отпадни гуми | Во склоп на инсталацијата, стопански двор | | Договор за деловна соработка за купување на отпадните гуми од страна на **ОТПАД ДИНЕ ДООЕЛ ул. Академик Пенчо Давчев бр. 212 Велес бр. 03- 97/1 од 08.08. 2024 год.** |
| **Напомена:** Согласно Правилникот (Сл.в. на РМ бр.7/06) да се води дневник за евиденција за постапување со отпад , а согласно правилникот (Сл. весник на РМ бр.156/07) да се придржува кон член 7 и член 19. | | | |

## 2.4. Преработка и одлагање на отпад

2.4.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган.

| **Табела 2.4.1. Искористување и отстранување на одпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Во инсталацијата нема да се вршат операции на преработка и одлагање на отпадот | | |

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

2.4.3 Се забранува истурање, фрлање горење или согорување на опасниот отпад.

2.4.4 Се забранува мешање на опасниот отпад со друг вид на опасен отпад, како и мешање со друг вид неопасен отпад.

2.4.5 Операторот е должен да води евиденција за опасниот отпад во согласност со членот 39 од Законот за управување со отпад.

2.4.6 За отпадот кој е наменет за транспорт, Оператоторт ќе издава идентификационен формулар и кон него ќе приложи извештај за караактеристиките на отпадот.

## 2.5. Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1 или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган.

| **Табела 2.5.1. Спречување и контрола на несакани дејствија** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Идентификување на потенцијални незгоди и вонредни состојби | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола. Прилог XIII кон Барањето. | **18.07.2024г.** |
| Планирање на активностите во случај на незгода или вонредна состојба | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIII кон Барањето. | **18.07.2024г.** |
| План за спречување на настанување на пожар | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIII кон Барањето. | **18.07.2024г.** |
| Обезбедување на мерки за сигурност на работниците во време на работа на објектот | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIII кон Барањето. | **18.07.2024г.** |
| Мерки за заштита од електрична енергија | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIII кон Барањето. | **18.07.2024г.** |
| Мерки за заштита при работа | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIII кон Барањето. | **18.07.2024г.** |
| Укажување на прва помош | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIII кон Барањето. | **18.07.2024г.** |

| | | |
|---|---|---|
| Сместување на работниците | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIII кон Барањето. | **18.07.2024г.** |
| Громобранска инсталација | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола | **18.07.2024г.** |
| Хидранти | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIII кон Барањето. | **18.07.2024г**. |
| Вежби | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIII кон Барањето. | **18.07.2024г.** |

2.5.2 Во случај на несреќа операторот веднаш треба да :

· Го изолира изворот на било какви емисии,

· Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа,

· Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот,

· Да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите,

· Го забележи датумот на несреќата.

· Го извести Надлежниот орган и другите релеватни власти.

2.5.3 Операторот е должен за настанатата хаварија веднаш да го извести Надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од областа на животната средина и да му ги достави податоците кои се однесуваат на :

· Околностите во кои се случила хаваријата,

· Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата,

· Податоци потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата,

· Превземените вонредни мерки.

2.5.4 Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот.

2.5.5 Информациите за мерките за безбедност, Операторот ќе ги анализира и проверува на секои 3 ( три ) години.

2.5.6 Информациите за мерките за безбедност ќе овозможи да бидат достапни до јавноста.

2.5.7 Операторот треба да достави предлог за одобрување до надлежниот орган во рок од еден месец од несреќата која се случила или на друг начин договорен со Надлежниот орган. Предлогот има за цел да:

- Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата и
- Идентификува и постави било какви други активности за санација.

## 2.6. Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе воспостави мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1 или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.6.1.Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Мониторинг на емисии на прашина | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XI кон Барањето. | **24.07.20024** г. |
| Мониторинг на бучава | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XI кон Барањето. | **24.07.20024** г. |
| Мониторинг на вибрации | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XI кон Барањето. | **24.07.20024** г. |

2.6.2. Ќе обезбеди:

a. безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведен во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако поинаку не е наведено во Додатокот и
b. безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3. Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ISO стандардите.

**2.7. Престанок на работа**

2.7.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| **Табела 2.7.1. Престанок на работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Престанок на работа | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIV кон Барањето | **18.07.2024г.** |
| Реставрација на инсталацијата | Дополнување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Прилог XIV кон Барањето | **18.07.2024г.** |

2.7.2 Операторот, во случај на престанок со работа должен е да постапи согласно планот за управување со резидуи во кој се прецизирани мерките кои ќе се преземат за минимизирање на влијанијата врз животната средина.

**2.8. Инсталации со повеќе оператори**

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само еден оператор или

Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијаташто се означени на мапата на делот 1.1.2 од оваа дозвола.

# 3. Документација

3.1.1. Документацијата(“Специфицирана Документација”) ќе содржи податоци за:

a. Секоја неисправност, дефект или престанок со работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка ) што може да се јават и да имат, имале или ќе имаат влијание на перформансите врз животната средина, а се однесуваат на инсталацијата

за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник, воден за таа цел;

б. Целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки, направени на основа на тие податоци.

3.1.2. Документацијата од 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган, во било кое пристојно време.

3.1.1. Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надоместок

3.1.4. Специфицираните и другите документи треба:

а. Да бидат читливи;
б. Да бидат направен што е можно побрзо;
в. Да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи, кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа дозвола, како и по пет години по престанокот на важноста.

3.1.6. За целиот примен или создаден отпад во Инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важностана оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за:

а. Составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;
б. Најдобра проценка на создадената количина отпад;
в. Трасата на транспорт на отпадот за одлагање и
г. Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка

3.1.7. Операторот на инсталацијата за којашто се издава Дозволата, ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во запсиникот треба да стои датум и време на жалбата како и кратко резиме, доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 4. Редовни извештаи

6.1.2. Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина-општина Демир Хисар.

4.1.2. Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д 2 во Додатокот 2:

а. Во однос на наведени емисиони точки;
б. За периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д 2 од Додатокот 2 и за обликот и содржината на формуларите, Операторот и Надлежниот орган од општина Демир Хисар ќе се договорат за време на

преговорите;

в. Давање на податоци за вакви резултати и проценки, како што може да биде барано од страна на формуларите, наведени во тие Табели и

г. Испраќање на извештај до Надлежниот орган:
-за годишните извештаи, наведени во Табела Д 2 од Додаток 2, до 28 Февруари во тековната година за извештаи од претходната година.

# 5. Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

а. Кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критеритумот на оваа Дозвола, наведен во врска со оваа супстанција;

б. Кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

в. Кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување и

г. Било какво несакано дејство, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2. Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1. согласно Распоредот 1 од оваадозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Распоредот 1 од оваа дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Распоред, што е можно побрзо.

5.1.1. Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо за секое од следниве:

а. Перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација за која се издава Дозволата;

б. Престанок на работата на некој дел или целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолго од 1 година и

в. Повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој се издава дозволата, по престанокот на известувањето според 5.1.3. (б).

5.1.2. Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

i. било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

ii. промена на податоците за холдинг компанијата кога операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога ператоротстанува дел од неа) и

iii. за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или оштетен.

# 6. Емисии

## 6.1. Емисии во воздух

6.1.1. Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1. ќе потекнат само од извор(и) наведени(и) во таа Табела ( Број според мапата на диспозиција на стопански двор. Прилог од Дополнување на Барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план за инсталацијата).

| **Табела 6.1.1. Емисиони точки во воздухот** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| ММ 1 | Рударски операции | Површински коп |
| ММ 2 | Рударски операции | Површински коп |
| ММ 3 | Рударски операции | Површински коп |
| ММ4 | Рударски операции | Површински коп |
| ММ5 | Рударски операции | Површински коп |
| ММ6 | Рударски операции | Површински коп |

6.1.2. Границите на емисиите во воздух за параметарот(ите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2. нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

Временските периоди од 6.1.2. соодветствуваат на оние од прифатениот оперативен план од поглавјето 9 од оваа дозвола.

Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.1.2. на точкитена емисија и најмалку со фрекфенции, наведени во таа Табела.

| **Табела 6.1.2 Граници на емисиите во воздухот** | | | |
|---|---|---|---|
| Параметри | Ознака на точка на емисијата | | Фрекфенција на мониторинг |
| Суспендирани честички во амбиентален воздух | Мерно место бр.1 (N 41 16 42,5 E 21 05 46,7)<br>Мерно место бр.2 (N 41 16 45,8 E 21 05 27,5)<br>Мерно место бр.3 (N 41 16 42,1 E 21 05 13,4)<br>Мерно место бр.4 (N 41 16 41,5 E 21 05 10,1)<br>Мерно место бр.5 (N 41 16 50,5 E 21 05 07,1)<br>Мерно место бр.6 (N 41 16 59,7 E 21 05 01,0) | | **Еднаш годишно** |

6.1.1. Емисистите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис, надвор од границите на инсталацијата.

6.1.2. Количествата емитирани гасови од секоја од емисионите точки не смеат да бидат поголеми од оние наведени во барањето

6.1.3. Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентната магла и перизстентен чад.

6.1.4. Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се преземат да се минимизира емисијата.

**Напомена: Респирабилната прашина во Рудник Демир Хисар АД Сопотница се емитира како резултат на: машините за дробење на каменот и подвижните ленти за сепарирање на песокот, при истоварање на каменот во дробилката и при утовар на песокот во камиони.**

**6.2. Емисии во почвата**

6.2.1. Нема да има емисии во почвата

6.2.2. Операторот ќе го извести Надзорниот орган за секоја непредвидена емисија во почвата.

**6.3. Емисии во вода(различни од емисиите во канализација)**

6.3.1. Емисиите во вода од точка(и) на емисијата наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1. Точки на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | **Извор** | **Количество** |
| Точки на емисии во вода нема. | | |

6.3.2. Границите за емисиите во вода за параметарот(ите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2. нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3. Временските периоди од 6.3.2. соодвествуваат на оние од прифатениот оперативен план од поглавјето 9 на оваа дозвола.

6.3.4. Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2. на точките на емисија Најмалку еднаш годишно.За секоја точка на емисија посебна табела.

| **Табела 6.3.2. Граници на емисија во вода** | | | |
|---|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | | | |
| Параметар | Период до | Период од | Фрекфенција на мониторинг |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

6.3.5. Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2., освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.6. Операторот ќе зема примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот (наведи) со фрекфенција(наведи).

## 6.4. Емисии во канализацијата

6.4.1. Емисиите во канализацијата от точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1. ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела

| **Табела 6.4.1.Точка на емисија во канализација** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | **Извор** | **Канализација** |
| **Напомена:** Инсталацијата нема канализација | | |

6.4.2. Границите на емисиите во канализација за параметарот(ите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2. нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3. Временските периоди од 6.4.2. соодвествуваат на оние од прифатениот оперативен план од поглавјето 9 од оваа дозвола.

6.4.4. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.4.3 а и 6.4.3 б, на точките на емисија и не поретко од наведеното во таа Табела.

| **Табела 6.4.2 Граници на емисии во канализација** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија 1** | | **Точка на емисија 2** | | **Фрекфенција на мониторинг** |
| | До(дата) | Од( дата) | До(дата) | Од( дата) | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| **Табела 6.4. За За Барања за мониторинг на канализација ( се до и вклучувајќи _____________)** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Точка на емисија** |
| | (Наведи ја фрекфенцијата и начинот ) | - |
| | (Наведи ја Фрекфенцијата и начинот ) | - |
| | ( Наведи ја фрекфенцијата и начинот ) | - |

| **Табела 6.4.3б Мониторинг на канализација ( се до и вклучувајќи ____________)** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Точка на емисија** |
| | | - |
| | | - |

6.4.4. Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.4.5. Нема да има испуштања на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

6.4.6. Операторот ќе ги собира отпадните води од комунален карактер во соодветно изградена септичка јама. За истата ќе има склучено договор со овластена фирма за превземање, кој ќе го приложи на Надлежниот орган, во рок од 60 дена од денот на издавање на оваа Дозвола.

## 6.5. Емисии на топлина

Нема

## 6.6. Емисии на бучава и вибрации

6.6.1. Операторот, во границите на инсталацијата, нема да создава бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење чие влијание би се одразило штетно на околината.

6.6.2. Операторот, во границите на инсталацијата, ќе врши редовна контрола и следење на нивото на бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење во животната средина и за истото ќе го известува Надлежниот орган.

# 7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1. Отпадните комунални води од инсталацијата ќе се собираат во септичка јама, која ќе се празни по договорена динамика од страна на Овластена организација, реализирано преку договор за превземање на отпадната вода од септичката јама. Операторот не е одговорен за понатамошниот третман на истата.

# 8. Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| **Табела 9.1.1 Програма за подобрување** | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| 8.1. | Периодични контроли и замена на оделни елементи од самата инсталација за дробење и сеење ( примарна и секундарна дробилка, систем за одпрашување). | Континуирано |
| 8.2. | Прскање со вода на внатрешните неасфалтирани патишта. | Континуирано |
| 8.3. | Намалување на негативен везуелен ефект на животната средина и физичко уредување на просторот | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| 8.4 | Редовно одржување и сервис на товрните возила. | Континуирано |
| 8.5 | Организирано е 24 часовно обезбедување обезбедување на инсталацијата од овластена институција. | Континуирано |

## 9. Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога изразот „или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган“ се користи во услов од дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

**а** Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола: и

**б** Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад), како ризик за животната средина од страна на Инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 10.1. и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот ќе му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува

# Додаток 1

## Писмена потврда за известувања

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2. од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние кои не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи:

**Дел А**

□ Име на операторот.

□ Број на дозволата.

□ Локација на инсталацијата.

□ Датум на доставување на податоци.

□ Време, датум и локација на емисијата.

□ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:

- Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисијата и времето кога се случила емисијата.
- Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

**Дел Б**

- Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А.
- Превземени или планирани мерки за спречување на повторно појавување на истиот проблем.
- Презвемени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување назагадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
- Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

□ Име □ Пошта....................

□ Потпис □ Датум

□ Изјава дека потпишаниот е овластен да поптишува во име на операторот